„Господарот е најблиску до Својот роб во последниот дел од ноќта

Од Ебу Умаме се пренесува дека Амр бин Абесе, Аллах нека е задоволен со него, раскажал дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Господарот е најблиску до Својот роб во последниот дел од ноќта. Ако можеш да бидеш од оние што Го спомнуваат Аллах во тој час, тогаш биди.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي]

Божјиот пратеник, Аллаховиот спас нека е врз него, известува дека Господарот е најблиску до Својот роб во последната третина од ноќта. Ако ти, о вернику, бидеш упатен и имаш можност да бидеш меѓу оние што Му се покоруваат на Аллах – што клањаат, Го спомнуваат и бараат прошка во овој благословен час – тогаш искористи ја оваа прилика и посветено труди се во неа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3236